**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 03-2016/1
Датум: 30-11-2022
С К О П Ј Е

Врз основа на член 64 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"-Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), во согласност со член 2 од Законот за заштита од пушењето („Службен весник на РМ" бр. 36/1995, 70/2003, 29/2004, 37/2005, 103/2008, 140/2008, 35/2010, 100/2011, 157/2013, 51/2018), ја издавам следната

# Н А Р Е Д Б А

1. Строго се забранува пушење во сите објекти и простории на **Факултетот за електротехника и информациски технологии** во Скопје, вклучувајќи: канцеларии, работни простории, предавални, кабинети, амфитеатар, библиотека, читална, сали, ходници, тоалети, како и во просторот што е даден под наем (бифе, копирница) и сл.
2. За непостапување и непочитување на оваа наредба, кон лицата-вработени и студенти на Факултетот, ќе бидат превземени соодветни казнени мерки согласно закон и актите на Универзитетот и Факултетот.
3. Секој вработен да потпише изјава со која се обврзува дека ќе ја надомести глобата за сторен прекршок што ќе му биде изречена на правното, односно одговорното лице доколку вработениот биде затекнат да пуши во објектите и просториите каде што е забрането пушењето.
4. Наредбата да се објави на: веб страницата на Факултетот, на огласните табли и по е-маил да се достави до вработените и студентите.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ

Декан
Проф. д-р Димитар Ташковски